# Вовед

Македонските цркви и манастири во себе криjат многу таjни и уметнички вредности, кои секогаш предизвикуваат голем интерес не само каj научната – културната, туку и каj пошироката jавност. Трагаjќи по нови содржини на миjачкото културно наследство, овоjпат се задржувам на првата парохиска црква во Миjачиjата – старата црква Света Петка во Галичник. Поводот е двеста години од изградбата на овоj свет храм и илjада години од упокоjувањето на славната сесловенска светица.

Времето минува неповратно, многу настани, случки, личности се заборааваат, се губи сеќавањето за нив, па затоа е потребно да се запише сѐ она што е пренесено од колено на колено и собрано од пишаните документи. Пристапот при пишувањето е базиран на обjективност и аргументираност.

Култот кон Света Петка, во минатото и денес во Галичник, со необjаснива вдаховеност, повторно и одново го буди интересот каj галичани и воопшто каj сите словенски народи.

Сите овие предизвици ме поттикнаа да дадам одговор за историjата и опстоjбата на еден од наjзначаjните културни историски

споменици - црквата посветена на пресветлата света Петка.

Изборот и трагањето претставува аргументиран показ за житието на Света Петка, како и за тоа читателите да дознаат за имињата на градителите, ктиторите на црквата, за архитектурата, за зографите, за луѓето кои се грижеа за нејзиното опстојување и обнова. Публикацијата открива од каде потекнува синиот камен на ќошињата од црквата, открива за сите позначајни личности кои се крстени или венчани во црквата Света Петка во Галичник и кои оставиле неизбришливи траги во животот на Галичник и историјата на Македонија. Со публикацијава нема да исчезнат вистинските вредности низ призмите на времето, напротив таа ќе пренесе трајни пораки и посланија за црквата Света Петка, која за галичани била и сè уште е божја установа, духовна мајка, учителка, помошничка, заштитничка и спасителка. Таа низ историјата делела божји милости, добрини, го отворала патот кон животот, кон небото и бога.

Затоа не е случајно што постарите галичанки верувале во легендите дека: *„Света Петка во темните ноќи во Галичник шета низ стрмните патеки со виделниче и борина во рака за да го чува секое семејство и секоја куќа"*.

Света Петка е незаборавот, скапоцениот пример за верба, достоинство, возвишен порив и внатрешна духовна потреба на секој галичанец.

авторот

# Житието и култот за света Петка

Често пати ми се наметнувало прашањето од каде произлегува невидениот култ и блескотната претстава на галичките жени и мајки за пребожната светица Света Петка. Постојано ги слушав моите баби, тетки и стрини, а најмногу мајка ми кога и за радост и во тага ја повикуваа Света Петка и се крстеа во неа.

Лична света Петчице помогни ми....
Да ми ги чуваш децава мила света Петчице...
Света Петка да ни помагат...
Света Петка да ни донесет здравје и среќа...
Пресветла света Петчице фала ти што ми донесе внучиња...

Со еден збор Света Петка беше голема и славена кај жените во Галичник, но зошто? Ова траело многу векови, се пренесувало од мајка на ќерка, на внука..., од колено на колено и трае до денешни дни. Не е случајно тоа што Галичник за своја заштитничка и спасителка ја прифаќа Света Петка, доколку се знае дека галичанките се главните фактори за траењето на оваа чудесна

населба. Впрочем и во Старо Село на 5 км од Галичник се наоѓа мала црква посветена на Света Петка, која е изградена пред 10 века. Изградбата датира во периодот кога за прв пат Мијаците доаѓаат на планината Бистра и создаваат свои населби. Впрочем со себе го носат споменот на својата сонародничка, големата сесловенска светица и хуманистка која е родена во близина на нивната прастара татковина која се простирала до Тракија.

Света Петка има словенско потекло и е родена кон крајот на 10 век во едно тракиско село Епиват близу градот Каликатрија. Името на родното место останува непроменето до ден - денес. Нејзините родители биле од голем и добар род, многу богати и имотни, го славеле Бога и биле среќни да бидат нарекувани Христијани. Тие на свет ја родиле набожната света Преподобна Петка и тоа на ден петок, по што и го добила името Света Петка. Родителите Света Петка ја пјреродиле преку господовата бања, а потоа низ нејзиниот живот ја научиле за света Божја добродат и местото зад Бога. Света Петка имала и еден брат по име Ефтимија. Откако наполнила десет години Света Петка често одела во црква со нејзината мајка во храмот на Пресвета Богородица и со внимание ги слушала Божјите благовестенија: *„Тој кој сака по мене да дојде, нека се откаже од себе и*

*да си го подигне својот крст и мене нека ме следи*". Во тој миг целата била обземена од ова и излегувајќи од црквата сретнала еден сиромав, се сокрила од сопствената мајка и ги соблекла сите свои чисти и светли алишта и ги облекла алиштата од сиромавиот. Милосрдната девојказемајќи ги неговите алишта покажала уште од мала големо разбирање, милостина и хуманизам.

Откако дошла дома и откако ја виделе нејзините родители како изгледа, се згрозиле и ја натепале за да не прави повеќе така. Но таа продолжила повеќе пати да го прави истото и покрај згрозувањето, навредите и ќотекот од нејзините родители. После ваквите постапки девојката не можејќи да ја издржи болката на духот во душата, без знаење на нејзините најблиски поверувала засекогаш во Христа и се заветила да живее во девство. Од својот роден крај заминува за Константинопол да им се поклони на тамошните светини. Заситувајќи се од набожјето и светите цркви и моштите на светците, благословена од сите мажи и засилена од нивната молитва се населила во Ираклиското предградие во црквата Пресвета Богородица. Тука поминала трпеливо пет години исполнети со молитви и солзи, правејќи секаков вид на добри дела. Од целоноќните молитви била неуморна, непреспани утра, отчукувања во

градите, извици, навала од солзи, легнувала со лицето на земјата... Имала смирен обичај, добра мисла, чиста душа и се подготвувала да замине на аџилак во Светата земја. Кога стигнала во Ерусалим ги видела сите Божји бесмртни дела и започнала да живее строг испоснички - подвижнички живот.

Во Палестина и Јорданската пустина, света Петка ќе претрпи многу страдања, маки, искушенија и како птица се сретнала со чесниот живот на калуѓерките. Во манастирот на калуѓерките правела многу добри дела, носела парталава облека, непрестано пеела на усни, а солзите од очите не и запирале. Вооружувајќи се храбро со силна вера и со крсниот знак, одејќи по пустинскиот песок со боси нозе, не плашејќи се од ѕверовите, студот, жештините, гладот, чувствувајќи ја Божјата благодет, се закитила со доблести и го победила ѓаволот.

*„Христос се вселил во неа со Отецот и Светиот дух и пребивале во неа како во Света Своја Црква*". Така, живеејќи долги низа години во пустината во преподобната Параскева цвета љубовта кон сиромасите и болните, а на врвот биле доброволието и мирната мисла. Една ноќ вршејќи ја својата молитва со испружените милни раце кон небото го здогледала ангелот Божји. Пресветлиот младич дошол до света Петка и ѝ рекол: „Остави ја пустинава и врати се

во својата татковина, таму е потребно да го предадеш твоето тело на земјата, а со душата да се преселиш кај Господа". Враќајќи се во своето родно место Епиват, таа живее уште две години и без да им каже на своите сограѓани која е, го продолжила начинот на својот пустински живот. Кога наближила нејзината смрт и времето за предавање на Бога, преподобната света Петка се помолила за себе и за целиот свет. Се упокоила во почетокот на 11 век и во молитва му ја предала на Бога својата блажена душа. Нејзиното тело било погребано од верниците по христијанските обичаи, одвоено настрана од општите гробишта, како тело на туѓинка. Но подоцна жителите на Епиват, на истото место го погребале распаднатото тело на еден морнар. Кога го закопувале телото на моранарот, го виделе мироносното и нераспаднатото телото на туѓинката. Меѓу себе коментирале дека ако ова тело е свето, Бог би правел многу чуда. Покасно света Петка на сон му се јавила на Христољубивиот Георгие: „Побрзај да ги земеш моите мошти и да ги изложиш на достојно место, не можам повеќе да ја трпам смрдеата од овој труп". Со торжевствена свеченост, светите мошти на света Петка биле откопани и свечено положени во црквата Св. Петар и Павле во Епиват. Многу чуда направила по носењето на нејзините мошти во црквата, Господ Чудотворец

преку неа и денес прави чуда, а ќе прави и во иднина, толку колку што има ѕвезди на небото и песок во морето. Во 1238 година моштите на света Петка биле пренесени во Трново, а подоцна во Романија, Србија и Цариград. Во 1641 година, по барање на молдавискиот војвода Василие Лупул (Штефан) се пренесени во градот Јаш и се положени во Црквата "Три Свети Ерарси".

Света Петка е прва Словенка која е прогласена за светица, лекувала искривени, глуви, сакати, неплодност, најразлични болести, дури и смртоносни болести или накратко речено целата неизлечива немоќ поминувала само со допирање на моштите, кои постојано правеле и ќе прават чуда со дарот од Исус Христос, тој кој ја набожи. Илјадници луѓе од целиот свет и низ сите векови се поклонуваат на светите, нераспадливи и чудотворни мошти на достојно славната света Петка.

Затоа многу населби ја земаат света Петка за своја светковина, неа најмногу ја почитуваат жените, таков е примерот и со Галичник кој не случајно ја зема за своја заштитничка. Не се случајни и настаните кои се случуваат со лековитата чешмичка во близина на црквата во Галичник и чудните настани сврзани со света Петка кои ќе ги опишам подолу. Се повторуваат некои настани и имиња кои се поврзани со

светицата, како името на новата црква Свети Петар и Павле во Галичник. Можно ли е дел од моштите на света Петка старите галичани да имаат донесено и во Галичник? Можно е ако се има предвид невидената светост и духовност со која беа заплискани галичаните, кои правеа вистински чуда на сите полиња од животот.

# Времеплов

Со својата исклучителна талентираност, духовна виталност и творечка готовност галичаните како и многупати во нивната бурна историја се истакнуваат и кон крајот на 18 и почетокот на 19 век. Тоа е периодот на македонското национално будење, наспроти наследниот културен застој во Турската империја, односно тоа е економскиот напредок и поголема свест на граѓанската класа. Галичката граѓанска класа станува напредна народна сила, која се вклучува во сите поважни политички и културни збиднувања и ќе се постави како најмоќна алка на народната преродба во Мијачијата и Македонија воопшто.

Во овој период галичките првенци со свои финансиски средства учествуваат во градбата и обновата на многу цркви, манастири и училишта, со цел да станат жаришта на македонската национална култура во западниот дел на Македонија. Ова всушност е борба против политичкото ропство на Турција и борба против културното ропство на грчкиот клер и пропагандите на соседните народи со исклучително црковно - просветен карактер. Во овој период галичаните со останатите мијачки првенци ја обновуваат во 1800 година старата

црква во манастирот Свети Јован Бигорски. И како пандан на тоа, инвентивните галичани поттикнати од потребата за поголем црковен објект, богопознание и сопствена богослужба во 1809 година, на темелите од старата еднокорабна црквичка во Галичник, ја изградиле првата парохиска црква во Мијачијата со импозантни димензии. Не жалеле труд и финансиски средства, бидејќи сакале да ги покажат својата економска сила и своите архитектонски и уметнички вредности.

Многу подоцна, цркви биле изградени и во соседните мијачки села, Лазарополе во 1841, Тресонче 1844, Росоки 1850 и во Гари 1856 година.

Во сите овие цркви, а подоцна и во училиштата богослужбата и предавањата се вршеле исклучително на локален мијачки говор и со црковно - словенски книги. Грцизмот не можел да навлезе и по укинувањето на Пеќската патријаршија и Охридската архиепископија. Во намерите да влезе Цариградската патријаршија исто така имала неуспех со жилавите и енергични мијачки сточари, трговци, печалбари и месни калуѓери.

Еден од иницијаторите и донаторите за изградба на црквата во Галичник е прочуениот архимандрит Арсениј - игумен во Бигорскиот манастир Свети Јован. Ова свето лице со редок

ум и идеја верно да му служи на Бога, го обмислил прекрасниот и многусодржаен црковен комплекс Света Петка во родниот Галичник. Раководејќи 32 години со манастирот од 1807 до 1839 година, тој нераскинливо бил поврзан со богослужбата и со растежот на парохиската црква во Галичник. Со својот возвишен, молитвен и креативен ум, придонел двете небоземни светилишта да ги доживеат своите најсветли мигови и засекогаш да останат патоказ во разбирањето на верата и во воспоставувањето на посебен однос кон минатото на еден народ. Историското гледање за изградбата на црквата во Галичник е показ за наследството во секоја смисла на зборот, зашто историјата треба да ја гледаме како творечки процес и како дел од сопственото постоење. Всушност со изградбата на оваа црква, како и со изградбата на подоцнежните цркви во другите мијачки населби, ќе се создадат услови за формирање на автономна мијачка – македонска црква. Таа во втората половина на 19 век ќе биде најтрајниот и најцврстиот браник за запирање на навлегувањето на туѓите црковни влијанија и пропаганди од страна на сестринските цркви. Предводници на формирањето на таа автомомна црква, би ја нарекол црковна матица ќе бидат токму мијачките првенци, свештени лица и учители од Лазарополе, Галичник и другите

рекански села, воспитани и пораснати со духот на игуменот и архимандрит Арсениј од Галичник.

Со изградбата на црквата Света Петка галичаните уште еднаш покажаа како сами ги градат своите светилишта, како сами сликаат фрески и икони, покажаа како на својата татковина и народ се подарува драгоцен духовен архитектонски објект со посебна изворност, творечки израз, рационалност и амбиеталност.

Уште еднаш галичаните ја докажаа својата храброст, достоинственост, мудрост и дипломатија, потврдија како се бори, чува и сака сопствената вера и народ. Ја надмудрија силната турска и тврдокорна власт и со ферман добија дозвола да изградат верски објект со невобичаени димензии за тоа време.

Црквата широко ги отвори своите порти за верскиот живот и регилијата на галичаните, за големите значајни собири и одлуки, животни славења и радости, но и таги. Во оваа црква посветена на Света Петка се покажувале сите искушенија, пориви и желби. Тука започнувал и завршувал животот на сите постари галичани. Тука се крштевале галичките рожби, тука се венчавале младите, и тука во непосредната околина до црковните ѕидини на гробиштата биле погребувани починатите галичани. Во оваа црква се крстени и венчани прочуените галички

видни првенци и ќеаји Тодор и Томо Томоски, Јован Бундалески, Василко Ристев Чоланчески, Лазар Цубалески, Каре Гиноски, Стамат Дукоски, Томо Лоноски, Апостол и Русе Черепналкоски, Филип Филипоски, Караџа и Јаков Ќипроски, Деспот и Јаков Чалоски, Павле и Јосе Ажиески, Арге и Дело Каркински, Ѓино Лаќински, Филип Муратоски, Иван и Крсте Гегоски, Драган Муратоски, Јован Муратоски, илинденците Пејчин Томоски, Неро комита - Нестор Силјаноски, Раде П. Јанкулоски, Јован Пендароски, Стојан Цинцароски, Луке Тортески, Тало Цергоски, Јован Трпков Ѓиноски, Јанакија Јанкулоски, Марко Плешкоски, Стојан Чалчески, Јаков и Глигур Кеноски. Под закрилата на Света Петка заклетва дале галичките жени - курирки за Илинденското востание: Васевица Чоланческа, Ката Ажиеска, Кала Гаческа, Симоница Једикоска, Велика Пулеска, Ката Колоска, Дамјаница Пангоска и Дели-Софка Цергоска.

Црквата Света Петка изградена во 1809 година му пркосела на времето, многуте премрежја, востанија, војни и природни непогоди сè до 1941 година, кога е срушена 1/3 од западната страна и отворениот дрвен трем. Заради немање доволно финансиски средства, граѓаните на Галичник црквата ја смалиле и изградиле еден нов западен ѕид со постојниот

камен портал и дрвена врата. Подоцна е интрвенирано повеќе пати, така што поради опасност од оштетување на камбанаријата, симната е камбаната и поставена е во една импровизирана настрешница пред западниот ѕид. Во 70тите години на минатиот век дел од камениот кров, поточно стреите се заменети со поцинкован лим. Во деведесетите години започнува да тлее желбата за обнова на црквата во нејзините првобитни димензии. Така, во 1994 година отпочнато е со санација и реконструкција на јужниот ѕид со поставување на потпорен ѕид, реставрација на иконите од иконостасот, санирање и реконструкција на камбанаријата, и реконструкција на постојниот објект на црквата. Во 2006-2007 година црквта е обновена и изградена во нејзините првобитни димензии.



# Донатори и ктитори за изградба на црквата Света Петка во Галичник

После 200 години, многу е тешко да се откријат сите донатори, ктитори и учесници во изградбата на црквата Света Петка во Галичник. Но во едно сум сигурен, а тоа е дека добродетелниот корен на Мијаците е причина што во изградбата на овој свет храм, на било кој начин учествувале сите галички фамилии. Многу записи се уништени или однесени и се чуваат во приватни збирки без да се презентираат пред пошироката јавност. При пишувањето на публикацијава не најдов многу оригинални сочувани записи од 1809 година. Единствено му благодарам на господинот Веселин Крцкоски - Михајлоски кој на располагање ми го даде зачуваниот оригинален запис - Црковниот споменик за изградбата на Света Петка. Ова треба да биде пример за сите кои имаат скриено пишани документи, книги, стари фотографии и други артефакти да ги презентираат на пошироката јавност и да дадат соодветен придонес во афирмацијата на

галичкото и македонското културно наследство воопшто.

На првата страна од споменикот е запишано следното: „Овој споменик е црковен, го приложи Јован Бундале (Бундалески) За душевно спасение и телесно здравје, да му е на помош Света Петка. Амин. Да се зноет кога се правела црквата во време на Забит Јосубег. Приложникот-дарителот поп Трајан собра народ христијански и со божја помош да им је жива стока, луѓе, господ да им ги множит повеќе. Амин".

„Во летото 1809 г. по Христос"

После овој уводен дел понатаму во споменикот се даваат првите ктитори на црквата кои се од редот на галичките свештени лица, предводени од архимандритот и игумен во мнастирот Свети Јован Бигорски. Тоа е запишано на следниот начин: „Помилуј нас Боже, повеличи, на милоста твоја ти се молиме, ислушај, омилости ги живите, мир и спасение за здрави. Прости ни за направените греови. Робовите божји: Георгија јереј (свештеник), Трајан јереј, Арсенија архимандрит, Георгија јереј, Исак јереј, Богоја јереј. Потоа следуваат имињата на богопоклониците и свети лица Василко поклоник, Павле поклоник, Аврам поклоник, Огнен поклоник, Ѓино, Грујо, Трпко, Пејко, Костадин, Угрин, Томо, Петре, Стефо,

Марко, Ристе, Василко, Исак, Јаков, Анѓелко, Трајан, Косто, Марко, Ристо, Ијон, Стојан, Георгија. Во групата на богопоклониците може да се препознаат имињата на Василко - Тризлоски Ажиески, таткото на Партениј Зографски и монахот Костандин Граоркоски".

Во продолжение на споменикот се забележани голем број на донатори и тоа машки и женски имиња: Јове, Тане, Иван, Исијан, Дамјан, Ќипро, Стојан, Крсте, Јаков, Гино, Саржо, Смиле, Каража, Мицо и родители, Вело, Марко, Кало, Јове, Крсте, Дуко, Мате, Василко, Славко, Филип, Пејчин, Јован, Мино, Трпко, Крсте, од Призрен, Димитрија, Јанче, Јанкула, Тримче, Никола, Иван, Стефан, Тане, Негрија, Вело, Радич, Божа, Презвитера, Деника, Презвитера, Паун, Сирма, Милка, Дуко, Божо, Велика, Стамена, Везира, Мариа Презвитера, Дилба, Манда, Крста, Денико, Киро, Ристо, Китан, Ристо, Бојана, Крста, Вело, Нове, Доста, Бојана, Доста, Неда, Крсте, Никола, Митре, Стефан, Огнен, Нове, Дамјан, Кузман, Исак, Јаков, Аврам, Смиле, Кузман, Сирма, Румена, Катерина, Каража, Јована, Доста, Аврам, Смиле, Пауна, Крста, Кранфила, Елена, Везира, Велјан, Вида, Дуко, Крсте, Крсте, Кала, Никола, Митре, Стефо, Неда, Никола-поклоник, Тане, Кала, Трипун, Јосиф, Тане Цвета, Јове, Крсте, Иван, Штерјо, Исијан, Стефан, Василко,, Мицо, Аврам,

Угрин, Деспот, Стамат, Менда, Зуна, Јован, Мате, Исак, Крсте, Кала, Ристе, Ристе, Ристе, Менда, Ристе, Стефан, Вено, Петре, Румена, Гино, Крсте, Доста Милош, Сирма, Јаков, Цвета, Милош, Мино, Григориа, Макриа, Ристе, Трпко, Тане, Кала, Румена, Јован, со чедата спомнати господи, Митре, Милјана, Илија, Вело, Аврам, Дојчин, Алекса, Јашко, Јаков Аврам, Сирма, Јаков, Доне, Трајко, Трипун, Симон, Ѓурѓа, Кузман, Кузман, Митре, Ило, Угрин, Макрија, Каража, Кала, Крсте, Јован, Ѓурѓа, Румена, Стојана, Митре, Јован, Јаков, Менда, Христе, Алекса, Зафир, Цвета, Сирма, Дилба, Постол, Ристе, Наќе, Штилјан.

Од ова може да се констатира дека се работи за лица кои се повторуваат кои имале повеќе прилози или пак повеќе пати учествувале со работна рака при изградбата на црквата. Во овој дел на спомeникот срекаваме прекрсни стари имиња, кои се поретко се користат во денешно време. Од имињата може да се претпостави всушност за некои фамилии кои биле најактивни при донацијата и прилозите за изградба на црквата. Пред сè тоа се фамилиите Бундалески, Чоланчески, Муратоски, Ќипроски, Гиноски, Чалоски, Фрчкоски, Пулески, Тортески и многу други.

Понатаму во споменикот од повеќе периоди се даваат списоци за собрани средства и тоа:

Во време на 1866 господинот Дамјан Филипоски епитропа (привремена отстапува) биде четири години, собра во негово време

грошa----------------------------------------------------сума 5.880

Остана у Дамјана со тестамент – му ги даде

со тестамент Огнену Дурузоски (Лоноски) 5.750

у Митрета Чоланчески....................гроша 360

у Јована Пулески............................гроша 600

у Бислимоски Ѓина..........................гроша 300

у Ристета Папатанасоски................гроша 500

у Змејка Станишески.......................гроша 500

-------------------------------

13.890

На знаење, у Трајана Ќипроски

имат од Веновите пари Шаклески: 2.260

------------

-------------------

16.150

Во 1870 Крсте Петрев Ѓиноски

со даскалот си го плати боржот,

уплати сума ....................................гроша 800

октомври 8-

На знаење во 1888 година

Во времето на господина Филипа

Влчески собра сума---------------------гроша 3.400

без фајде, фајдето тој да си го плаќат.

На знаење во летото 1869 – октомври -5-

епитроп господин Трајан Ќипроски

ми даде есап собра, сума------------гроша 3.700

1870 - на знаење епитропува господин Симон Тортески, ми даде ------------гроша 4.088

Ова се вредни податоци за градбата на црквата и нејзиното одржување од почетокот на градбата во 1809 година, до крајот на 90тите години на 19 век. Се надевам дека тие ќе предизвикаат љубопитство кај галичани за уште повеќе да трагаат по своите корени и кулртурното наследство и со надеж дека ќе ги извадат сите пишани документи на виделина.




Сие споменикъ естъ цер
ковни гѡ приложи иѡанъ
бунъ дале задушевнѡ спасе
ние и тѣлеснѡ здравие да м
ѹе напомощъ света пет
ка аминъ да се знѡетъ кога
се правила църковта вовреме
забитъ юсубекъ приложникъ
себетъ попъ траянъ собра
тиами сѡродъ хртиански
и со божию помощию да имъ
жива стока люди гдъ да и
мъ умножитъ повише аминъ
В лѣтѡ ... ѿ хрта
[801]


Помилѹи насъ бже по велицѣи молимтъ тѧ услиши
милости твоеи еще молимсѧ
ѡ милости жизни здрави мирѣ спасенїи прощен
ии и ѡставленїи греховъ рабовъ
бжихъ Геѡргїа иереи
Траѧнъ — — иереи
Аръсенїа — — архимадрїтъ
Геѡргїа иереи Исакъ иереи
Богоѧ иереи Павле
Василко поклонѣкь поклони
Аврамъ поклонитъ Огънень по
клонитъ Јѡиню Грѹню Теръп
ко Пеико Костадїнъ Ѹгринъ
Томо Петре Стефо Марко
Рите Василко Исакъ Ѧковъ
Ѡнъгелко Траѧнъ Кост


кръсте · кръсте · калω никола
митрω · стефω недω никола
поклонитъ тане калω трипунъ
иωсифъ · тане · цветω нове · кръсте
иванъ · щерω · исиаминъ · стефанъ
василкω мицω аврамъ · утринъ
деспотъ · стаматъ · менъдω
зунω · иωанъ · мате · исакъ · кръсте
калω · ристω · ристе · ристе · ме
ндω · ристе · стефане · венω ·
петре · руменω · гинω · кесте
достω · милошъ · сирмω · якове
цветω · милошъ · минω · григор
иа · макриа · ристе · терпкω
тане калω · руменω · иωанъ
сочадомъ · помяни г(оспод)и


нове тане иванъ исианъ
даманъ ѕипро стоанъ
крсте · якове гино · сарчо
смиле · карача · мицо · иродии
тели вело марько · кало · нове
крсте дуко мате василко
славько · филипъ пеичинъ
иоаванъ мино дуко трьпко
крсте · отпризренъ · димитриа
анъче · анькула тримьче
никола иванъ стефанъ · тане
негрна · вело · радичъ · божа
презвитера · веніка · презвитера
пауно стмо · милька · дуко
божо · велико · стамено · везиро
марна презвитера


дилбѡ менъдѡ · кръстѡ · де
никѡ · везирѡ · цветѡ · деникѡ
уро ритѡ китанъ ристѡ
бoꙗнѡ · кръстѡ велѡ · нове
дѡстѡ · боꙗнѡ достѡ · нелкѡ
кръсте · никола митрѡ · стефа
нъ ѡгъненъ · нове · дамꙗнъ
кꙋзманъ исакъ · ꙗковъ
аврамъ · смиле кꙋзманъ о
спрмѡ · рꙋменѡ – катеринѡ
карача · иѡаванѡ · достѡ ·
авраме · смиле · паꙋнѡ · кръ
стѡ · карафилѡ · еленѡ · вез
ирѡ веꙗне видѡ · дꙋкѡ





октомвріа - 8 - и
назначеніе во 1868 года
во времето на господина филипа-
влаескін собра сума - гроша - 3,400
безфандзе, фаидето пой да си плаката
назначеніе во лето - 1869 - окто - 5 - й
бы епитропъ господинъ трајанъ - кипро-
ны вазе е самъ. собра сума - гро - 3700.
1870 - назначеніе епитропува - гос-нъ
симонъ порте, ни даде - гро - 4,088.
Марко. Ристо. Іонъ. Стоано.
Георгия

# Локација и архитектонски урбанистички концепт

Црковниот комплекс Света Петка во далечната 1809 година е изграден со креативно чувство за избор на местото - локацијата, каде што доминира духовна и природна амбиентална средина. Тоа е центарот на Галичник (во тоа време), односно во најстарото маало Станишмало - Долномало, поточно под патот кој ги поврзувал плоштадот и панаѓурот во правец од Шулевци и Шаклевци кон Једиковци и Чапаровци. Галичките градители со духовно и интуитивно чувство и студиозност, го изградиле комплексот на стрмен терен со извонредни визури кон поблиската и подалечната околина. Црквата и другите придружни објекти формираат едно архитектонско-урбанистичко гнездо, како што би рекол мојот драг професор и пријател архитект Петар Муличковски.

Црковниот комплекс е поставен на едно потесно издолжено плато на стрмниот терен, кој диктирал и определена замисла на народниот неимар во оформувањето и организирањето на комплексот во една компактна микроурбанистичка структура. Групираните објекти меѓусебе формираат еден затворена

авлија - двор со камените ѕидови и влезната порта. Црквата се наоѓа на источната страна од локцијата, а нејзиното лево долно камено ќоше тангира со училиштето - даскалницата лоцирана на јужната страна на локацијата. На западната страна се наоѓале камбанаријата и влезната порта во авлијата. На северната страна под камениот ѕид и пред влезот на западниот ѕид на црквата, се поставени отворени тремови со дрвена конструкција и покривка од камени плочи. На северната и на јужната страна, надвор од комплексот се наоѓале старите гробишта. На севернта страна во камениот ѕид, од внатрешната страна на една полукружна ниша, се наоѓа гроб на свештено лице, најверојатно на архимандритот и игумен на манастирот Свети Јован Бигорски Арсениј од Галичник. Непосредно под црквениот комплекс, на јужната страна се наоѓала исцелителната изворска чешма, посветена на заштитничката на Галичник света Петка.

Целокупната експресија на овој комплекс се доживувала внатре во дворот, спрема кој биле ориентирани сите објекти со фасадите на камбанаријата, училиштето, црквата, отворените дрвени тремови, камените ѕидови и дрвената влезна порта. Додека пак надворешната силуета на комплексот најимпресивно се доживува гледајќи го и насладувајќи се од природните

карпести тераси на Галичник. Ваквата композиција е збогатена со галичките станбени палати, природните вредности на теренот, изразени со изобилство на зеленило и вода на кој посебен белег му дава реката Ѓеневица со кањонот Тортеска краста.

Како мали деца кога ќе се искачевме на Пулев орман и пред себе на видик го имавме кровот на црквата Света Петка, доживувавме прекрасна глетка на исткаен килим во сиво сребрени бои од камените плочи – шкрилци.

Можеме слободно да заклучиме дека овој комплекс со чисти, едноставни основи, облици, фасади и градежен материјал, како и искрен архитектонски израз, дизајн и композиција бил инспирација за многу градители во Македонија во 19 и 20 век. Затоа денес овој делумно сочуван ансамбл, како редок културно-историски споменик треба целосно да се дообнови, посебно даскалницата, дрвените тремови, портата и камената ограда на авлијата.




1. Црква; 2 Трем; 3. Училиште; 4. Камбанарија; 5. Порта; 6. Камена ограда и гроб; 7. Двор-авлија

## Архитектура на црквата Света Петка

Во првите години на 19 век на темелите на старата црквичка галичаните ја започнале изградбата на новата голема црква, која требало да ги задоволи потребите на сите верници, а воедно како парохиска црква да прерасне во духовен, просветен и културен центар во Галичник и Мијачијата. За тоа дека навистина на локацијата на денешната црква Света Петка постоела стара црква, потврдуваат остатоците -

парчиња од ѕидни фрески. Тие беа пронајдени при копањето на темелите за првиот лев столб пред олтарот во 1999 година кога се вршеше реконструкција на црквата. По интервенција од моја страна и на Мелетија Брковски, местото беше заштитено со тер хартија од изведувачот на работите за евентуални подоцнежни археолошки истражувања. Се сеќавам дека две парченца оставивме во црквата, но подоцна исчезнаа.

Црквата е градена со кршен - неправилно обработен камен и клепани ќошиња, остава впечаток на солидна градба за тој период. Каменот потекнува од локален мајдан. Синиот камен потекнува од непосредна близина на црквата, односно од карпите во Пулев орман над куќата на Алаутовци.

Црквата всушност е изградена како трикорабна базилика со полукружна апсида на источнта страна. Таа е една од првите цркви изградена со мошне големи димензии, должина 21,44м + 2,70м трем и ширина од 13,30м, подоцна ќе биде поттик и пример за градење поголем број слични цркви во преродбенскиот 19 век, во Македонија и пошироко. Тоа е дело на самите галичани кои граделе низ целиот Балкански полуостров, во Европа и Америка. Не случајно мајсторите од фамилиите на Колоски и Личеноски учествувале во градењето на стотина цркви во Романија. Посебно се

истакнуваат Кузман Колоски и Матеј - Моте Велов Личеноски, за кој се знае дека го конструирал по обем најголемото црковно кубе во Романија.

Црквата има две нивоа, приземје и галерија. Таа е вкопана, така што јужниот ѕид е многу висок, северниот ѕид излегува 1,00м до 1,80м над патот кој води кон црквата и го поврзува плоштадот и просторот за панаѓур. Централниот кораб на црквата е одвоен со колонади од столбови по 7 од двете страни. Столбовите се поставени на камени постаменти и се изведени од дабова дрвена конструкција во квадратна форма и со опшивки од кадрони и летви и малтерисани така што се добива кружна форма. Сите столбови меѓусебно се поврзани со полукружни аркади. Осовинското растојание помеѓу колонадите изнесува 5,65м, а помеѓу колонадите и ѕидовите 2,60м. На овој начин големото растојание помеѓу северниот и јужниот ѕид е совладан со голема смелост и инвентивност на галичките градители. Неимарите ја подигнале црквата на столбови како главни носечки конструктивни елементи, меѓусебно поврзани и укрутени со дрвени распонки и аркади на кои и се носи дрвениот кров. Над средниот брод се формира трапезаст свод со заоблени ќошиња, со посебна нагласеност во олтарниот простор. Целиот свод

бил изработен од летви и трска, а потоа малтерисан. Таванската конструкција над крајните бродови завршува со дрвен гредоред и декоративна дрвена таваница од рендисани и профилирани даски. Вакво слично конструктивно решение подоцна е применето при изградбата на трокорабната импозантна црква Света Богородица во Скопје, од страна на познатиот зограф и градител Андреја Дамјанов. Од тоа може да се заклучи дека тој најверојатно ја проучувал оваа градба или се дружел со галичките мајстори.

Главниот влез на црквата се наоѓа на западната страна и во црквата се влегува преку тремот и влезната многу тешка врата, изрботена од дабово дрво и бруќе кои се декоративно распоредени. Посебно е интересен големиот клуч долг 20см и старата метална брава од ковано железо. Галеријата е пристапна од надворешната страна од север преку полукружната врата - женскиот влез од самиот пат и од внатрешната страна преку скалите во форма на „Г“ (изработени од природни материјали, првиот крак од камен, а вториот од дрво). Галеријата била изградена од дрвен гредоред со бродски под со широчина од 4,25м плус полукружен сегмент широк 1,20м. На галеријата е изведена дрвена декоративна ограда со едноставно обликување. Галеријата и

влезот од северната страна, односно од патот го користеле женските верници.

Објектот е висок 9,84м гледано од јужната страна. Надворешните камени ѕидови биле ѕидани во варов малтер со скриени дрвени појасни греди - кушаци и се со дебелина од 70см до 120см. Завршните венци и крстовите на источната и западната страна биле изведени од профилиран камен.

Подот е изведен од камени плочи наредени во правилна форма и со една повеќекрака сончева камена розета. Розетата е изведена во две нијанси на камена боја, поставена во срединината на средниот брод. Краците на розетата потсетуваат на краците на денешното македонско државно знаме, сигурно авторот на знамето се инспирирал од деталот на оваа розета или слични розети кои биле работени по црквите од страна на галичките неимари. Во центарот на розетата се забележуваат, исклесани во каменот, стрелка, триаголник, и полумесечина и други знаци кои асоцираат на масонски обележја.

Отворите - вратите и прозорите се изведени архитравно и лачно со различни големини. Влезната врата е оформена од 4 камени клесани блока кои формираат лак. На источната страна се јавуваат процепи - продори во камените ѕидови за олтарно осветлување. На

јужнта страна има 5 прозори со полукружни лаци, а на западната фасада се појавува само еден правоаголен прозор.

Посебен архитектонски акцент и белег на објектот му даваат влезниот трем и бочниот трем на северната страна. Тремовите се изградени од дрвена конструкција од дрвени дабови столбови 20/20 см дрвени седла, венчаници и дрвени рогови. Над роговите се коват штици - пардии, а потоа се редат во кал камени шкрилци. Впрочем и со ова решение се покажува нагласената искреност во употребата на конструктивните елементи и архитектонските детали. Всушност тие се крајно функционални, рационални и традиционални.

Градителите на оваа црква ја изразиле својата вештина со својот осет, искрен однос и сосема логичен приод кон употребата на градежните материјали и изборот на конструктивното решение, при тоа водејќи сметка и за скромната финансиска моќ во споредба со силната Турска империја и побогатите држави во Европа и светот.

Кровот е решен како троводен и тоа со пад на водата на севернта јужната и западната страна. Кровната конструкција е изведена како двострука дрвена столица со рогови, столбови, венчаници и клешти. Над роговите се поставени

штици – пардии и камени сиви плочи во глинен малтер-кал.

Оваа архитектонска градба претставува автентичен стил со едноставен архитектонски израз и во внатрешноста и во надворешниот изглед. Црквата е изградена со еколошки материјали кои кореспондираат со природниот амбиент и соседните објекти. Ова е дело на христијанските мајстори од 19 век кои изградиле храм како најсвето место кое се почитувало, се почитува, а верувам дека ќе се почитува и во иднина. Изградиле објект кој дава надеж за истрајност и среќно живеење.




Основа на црквата




+4,10
+0,80






8











# Камбанарија на црквата Света Петка

На западната страна во црковниот комплекс на крајот од дворот, во истиот период кога била градена црквата, а тоа е и периодот во кој била осветена (1809 година), изградена е и камената камбанарија. За црквата донесена е нова камбана од Русија. На камбаната стои напис на старословенски јазик со годината 1812 кога е изработена.

Во основа камбанаријата лежи на четвртаст камен базис со димензии 3.40/3,40м и со дебелина на ѕидовите од 75см. Над второто ниво просторот е осмоаголен со страни 1,55м исто со камени ѕидови од 75 см. На второто ниво има скали за камбаната која е сместена на третото ниво. Третото ниво е исто така осмоаголно, но носивата конструкција е изведена од бондрук дрвена конструкција, составена од скелет на столбови, греди, косници, венчаници, опшивка од летви и дрвена таванска конструкција, која е декоративно обработена. Изведена е и посебна дрвена конструкција за носење на ѕвоното. На сите страни од осмоаголникот се појавуваат на фасадата отвори со лаци. Големите отвори всушност служат за да се слуша надалеку

милозвучното биење на црковната камбана. Бондручната конструкција на парапетите со полнетицата од кал и летви од надвор и од внатре била завршно обработена во варов малтер и е варосана во бела боја. Кровот е повеќеводен, односно со осум води изведен од дрвена конструкција со обработени рогови и завршно покривање со лим, а денес покриен со бакар. На фасадата на објектот покрај отворите на трето ниво среќаваме три процепи за светлина и вентилација 11-15 см широки и висина 45 см на фасада и 95 см во внатрешноста. И тоа на првото ниво има два отвора-процепи, на второто ниво еден процеп. Исто така за првото и второто ниво има посебни влезови од терен преку дрвените врати со минимални димензии од 52 до 56 см широки и 127 - 156 см високи.

Оваа кула камбанарија висока 12,00м од јужнта страна е мајсторски филиграпски - прецизно ѕидана со клепани камења редени со иста висина за секој нареден ред. Редок пример на галичката ѕидарска рака. Мајсторите со невидена умешност од половина на висината на камбанаријата го извеле стеснувањето и преминот од квадратна во осмоаголна форма, за на крај објектот да го растеретат од каменот и да применат лесна дрвена - бондрук конструкција. Иако црковната кула-камбанарија е со мали

димензии, плени со својата убавина и складни прпорции.

Овој објект кој е со едноставна просторна форма и необична хармонија, претставува типичен пример на македонската архитектура и без сомневање во себе крие висока вредност на искрената архитектура, со чувство за мера и пропорции што му се достапни на човекот. Односите на камбанаријата кои владеат со просторот, односите на применетите материјали, односите на отворите-празнините (врати, прозори, процепи) со човекот ја смируваат напнатоста на околината и со ништо не ја нарушуваат хармонијата на доживувањата во овој црковен комплекс. Тука во оваа градба се споиле мисловното со практичното. Неговата форма е изникната органски и во својата структура ги истакнува вистината и симетријата.

Просторот на овој мал објект се развива и обликува од кота на теренот од првото ниво до таванот на третото ниво, се формира и развива и по површина и по височина, се шири и стеснува без монументи и посебни декорации. Искачени на третото ниво со погледот кон прекрасните визури ви се чини дека се наоѓате на највисок отворен чардак - видиковец, а не дека сте само 12м над теренот.

Треба да се појде, да се види и доживее овој објект, исконски осмислен, определено и творечки создаден од слободата на духот и ритамот на сериозниот градител.










+4.27
ТРЕТО НИВО
127
ВТОРО НИВО
-105
340
ПРВО НИВО
340

# Училиште – конак даскалница

На јужната страна на локацијата од црковниот комплекс на стрмниот терен помеѓу црквата Света Петка и камбанаријата е изградено првото црковно парохиско училиште во мијачкиот крај. Тоа бил објект со скромни димензиии со две нивоа: прво ниво клед или сутерен и второ ниво приземје. Објектот е изграден во препознатливиот народен галички стил, со камени ѕидови на првото ниво, бондрук конструкција на второто ниво и покрив со камени шкрилци-плочи.

Во основа објектот е со димензии 12,00м должина и 5,00м широчина. Кледот-подрумот има посебен влез од бочната западна страна и е обиколен со масивни камени ѕидови со дебелина од 60см до 80см. Јужниот ѕид е изведен како дел од лак со повлекување на внатре 25 см. На јужниот ѕид има два прозорски отвори со димензии: надворешна ширина 70см, внатрешна 100см и висина од 85 см. Подот во кледот е изведен од камени плочи. На второто ниво се наоѓа просторот или просториите кои служеле како училници. Всушност во еден

период се појавува една училница, а друг пат големата училница се двои на две помали училници, значи се работи за фексибилен-флуиден простор. Влезот на второто ниво е од северната страна преку три скалника. Надворешните ѕидови се изведени од дрвена - бондрук конструкција со д=25см и спратна висина од 2,50м. Меѓукатната и таванската конструкција се изведени од дрвен гредоред, а кровната конструкција е исто така дрвена. На јужната фасада има 5 прозори, а на северната страна два прозора со димензии 80/130 см и тоа еднокрилни лизгални помеѓу бондручните дрвени столбови. На западната страна се појавуваат два прозора 90/130см како двокрилни. Со големиот број на прозори се добива голема светлина во училницата.

Подот во училницата е изведен како бродски под од дрвени штици. Ѕидовите во внатрешноста се бели - варосани (молерај со вар). Таванот е изведен од дрвени рендисани штици со покривни лајсни. Бондрукот е исполнет со камен полнеж и кал. Бондручната конструкција од надвор е опшиена со летви и первази малтерисана со варов малтер и варосана во бел тон. Белата површина кореспондира со дрвените греди исфрлени над лачниот ѕид, со патинираните дрвени опшивки околу премините помеѓу каменот и бондрукот, прозорите, стреите

и сл. Сета фасадна слика ја надополнуваат сенките од исфрлените стреи, малиот еркер над вовлечениот кужен ѕид и играта на полно и празно на прозорите. Со природните применети материјали се добива еден едноставен и скромен естетски изглед на објектот со прилично впечатливи фасадни површини.

Петтата фасада, оформена со четириводниот кров и покривот од сивите лушпести камени шкрилци претставува јасна креативна целина во обликувањето на целиот објект.

Од архивските фотографии може да се заклучи дека приземјето од училиштето во еден период било поправано, па се забележува дека наместо пет се јавуваат седум прозорски отвори на јужната страна.

Објектот во кој се описмениле голем број видни галичани и истакнати македонски преродебеници после Првата светска војна руинирал, а потоа целосно бил срушен.





# Авлија и камени ѕидови

Трите основни објекти: црквата, училиштето - конакот и камбанаријата во црковниот комплекс Света Петка, меѓусебно поврзани со авлиските ѕидови формираат едно камено седело-гнездо. Поточно, авлијата со дебелите надворешни камени ѕидови, единството на архитектурата на објектите и нивнта функција, на формите и на околината, пејзажот и руралниот амбиент се стреми кон една едноставна просторна синтеза. Во таа синтеза јасно ја гледам основната клетка во формирањето на просторно единство како карактеристика на македонската архитектура.

Камените ѕидови на авлијата се ѕидани со две лица и се со дебелина од 70 до 90см, се протегаат од крајот на црквата на северната - горната страна од локацијата и завршуваат на западната страна до камбанаријата. Во северниот ѕид се наоѓа една камена сводеста ниша во која е сместен гробот на прочуениот игумен Арсениј. На северозападниот ѕид се наоѓал главниот влезен портал изведен од камени бели сводови и дрвена порта. Целиот ѕиден појас беше покриен со сиви камени плочи поставени како двоводен кров.

Големиот двор во црквата бил добредојден за многу собири и свечености на галичани, посебно за неповторливите верски празници и галичките свадби. Дворот за децата бил посебен предизвик, поради желбата да ѕирнат во него, да си ги играат своите игри, да клепаат со црковните ѕвона, но и како идни верници да го започнат својот дијалог со бога и ангелите. Во авлијата пред тремот на црквата секогаш се правеле семејни фотографии од венчавки, крштевки, погреби и парастоси.

Архитектурата на комплексот заокружена со камените ѕидини прави една хармонична целина на природата и уметноста. Тука во оваа авлија и денес кога не постојат ѕидовите, портата, тремовите и конакот има душа, девствена природа и тајни. Дури и земјата во авлијата и земјата врз која е втемелен овој комплекс има некоја чудна небоземна тајна која го чува духовниот ритам на галичкото вѕидување заедно со црковниот ритам кој ја смирува секоја човечка душа.





# Иконопис, живопис и резба

Црквата Света Петка не била само духовен храм на галичаните, напротив таа претставувала центар и ателје за обука на големите мијачки мајстори на иконописот, живописот и резбата. Голем број на познати и непознати зографи и копаничари ги оставиле своите почетнички уметнички траги на иконостасот, на ѕидовите, на иконите. Од тука од Света Петка, од Долномало, од кај ореовите дрвја започнува блескавата кариера на големите уметнички родови на фамилиите: Арнаудоски, Алаутоски, Василески, Бундоски, Ѓиноски, Иваноски, Колоски, Кузманоски, Личеноски, Мауроски, Пулески, Попоски, Спајоски, Станишески, Стојаноски, Медароски, Тасоски, Мицакоски, Глигуроски, Мискоски, Јовкоски, Балчески, Лепчески, Никоски, Колачески, Пачауроски, Фишегоноски, Фрчкоски, Черепналкоски и многу други.

Во овој духовен, просветителен и културен центар во рацете на младите уметници се наоѓале старословенски и старогорски Ерминии и многу други од кои го учеле уметничкиот занает. Многу од нив биле уништени, украдени, подарени или љубоморно се кријат и чуваат што

подлеку од Галичник и Македонија. Но во црквата останале првите дела на галичките мајстори, кои не се највредни, но се историски најзначајни бидејќи тие се никулецот на врвните остварувања кои ќе следат од генијалните мијачки раце, ширум целиот Балкански Полуостров па и подалеку. И тоа во над 2000 цркви, манастири, други јавни објекти и приватни домови. Само како пример нека послужи податокот дека неповторливиот иконописец Василко - Василие Гиновски насликал над 110 иконостаси во црквите во Црна Гора и над стотици икони и фрески во други манастири, цркви и објекти ширум Балканскиот Полустров.

Иконите, резбата и фреските во црквата Света Петка се нужен патоказ за оформувањето на врвните уметници од мијачијата, за проучувањето на уметничките дела и за воспоставувањето на односот кон минатото.

Со таквиот однос доаѓа до зреење на иконописците во мисловна и креативна смисла, тие се стекнале со директни практични искуства, осознавајќи за сопствената творечка сила која подоцна ќе ја вградат во врвните уметнички дела во 19 век.

Фреските, иконите и резбата во црквата посветена на преподобната маченичка света Петка во Галичник  работени низа години, а

подоцна многу од нив уништени, украдени или подарени претсатвуваат еден мал, но богат уметнички мозаик составен од делата на бројните галички и мијачки иконописци, фрескосликари и копаничари. Тоа се дела од различни периоди кои не припаѓаат на еден уметник или тајфа. Напротив тоа се дела на особено талентерирани поединци и тајфи, многумина непотпишани, односно непознати и дел на познати мајстори.

Денес од старите фрески во црквата нема сочувано скоро ниту една фреска. Само на јужниот ѕид е сочувана една фреска на света Петка, која пак при обновата на црквата со интервенција на нестручен конзерватор е неповратно нагрдена. Конзерваторот дури се дрзнал да го избрише и потписот на авторот на оваа фреска, Јаков Фрчкоски. Останатите фрески се уништени од големата влага која се појавувала константно на северниот ѕид кој бил вкопан во земја скоро по целата негова висина, како и од прокиснувањето на кровот покриен со камените плочи. Штета што денес го нема фрескописот на еден од синовите на генијалниот Макарија Серафил М. Фрчкоски на кој се претставени свети Петар и свети Павле. Не постојат и уништени се таванските фрески на талентираниот зограф Евгениј Поп Кузманоски од родот на Пулевци. Овој зограф, иконопис

учел од мајсторите на родот Фрчкоски, но и од мајсторството на Дичо Зограф и успеал да се приближи на неговиот стил на сликање. Посебно во своите дела постигнал совршенство на играта на светлината и сенките, како остра определена граница на темно и светло. Посебно треба да се истакне неговата икона на платно „гробно ридание" со големи димензии, насликана 1887 година, а донирана од Трајан Чапароски. Всушност оваа икона е една од предвесниците на новото време во уметноста кое го означува преминот од сликањето на старите иконописци и зачетоците на македонското современо сликарство, чиј основоположник е токму сограѓанинот на Евгенија сликарот Лазар Личеноски.

На своите галички потомци и на македонскиот народ, свои дела во црквата Света Петка, им остави еден од најголемите и најпрочуени копаничари на Балканот, Макарие Фрчкоски, кои и ден денес зрачат со својата достојна уметничка вредност како зачеток и одблесок на богатата копаничарска и воопшто уметничка традиција во Македонија. Тој своите големи дела ги оставил при изработката на резбата на икостасите во црквата Свети Спас во Скопје, манастирот Свети Јован Бигорски, Света Богородица во Скопје, Свети Никола во Приштина, Богородичната црква во Пазарџик,

многуте владички и игуменски тронови, како и резбаните таваници, долапи, сандаци и друг мебел во куќите во Македонија и на Косово. Во црквата во Галичник насликал три икони кои не се потпишани, ги изработил царските двери од иконостасот и владичкиот трон. Според исказите и сеќавањата на неговиот правнук Јаков Фрчкоски, Макарие прво се огледал во иконописот и тоа со трите икони кои ги изработил за црквата во својот роден и сакан Галичник. Ќе биде многу добро и интересно стручни лица од областа на иконописот да вложат напори да откријат кои се тие икони. Сепак и вака тие претставуваат таинствено мозаично камче кое го краси заедничкиот иконопис на многумина иконописци од Галичник.

Посебна вредност имаат царските двери (вратата на господа низ која влегуваат праведните) вешто изрезбани од рацете на Макарие во длабока и ажурна резба, а потоа и позлатени. Уметникот избрал зооморфни и флорални мотиви при изработката на дверите. Тој се одлучил за убаво и хармонично решение, со кое успешно се стилизирани флоралните и зооморфните елементи, каде што неговиот талент за резба доаѓа до израз. Дрворезот го работел потпирајќи се врз мијачката школа, поточно како распната мрежа на пајак и ажурна

тантела со позлата со голем впечаток на раскош. Всушност Макарие пораснат меѓу ореовите дрвја, го чувствувал дрвото - оревот, ги познавал неговите можности за обработка и настојувал да ги истакне особините и чувствителноста на овој материјал. Раскошната декорација со разновидните флорални и зооморфни мотиви е надополнета со вклопените минијатурни иконописни композиции, како и едноставно обработениот крст со иконче поставен на највисоката точка на царските двери. Внатрешниот амбиент на црквата Света Петка бил надополнет и со владичкиот стол исто така изработен во резба од Макарие изрежан во ажурна техника од ореово дрво како и царските двери и богато украсен со разни фигури. Денес од тронот има останато повеќе делови со кои ќе биде извршена негова реставрација. Ликовниот критичар Јулија Темелкова за до го сврти вниманието кон непроценливото уметничко дело на Макарие Фрчкоски кој го расеа ширум на Балканот, во нејзината книга Македонскиот импресионизам ќе напише:

*„Критичарите Огист Роден го нарекуваат импресионист во склуптурата, пред сè, поради „немирната моделација" на своите дела, како и поради влијанијата на „сликарските светло-темни ефекти". Ако се погледнат тие својства*

*кај нашите резбарски дела, ќе видиме колку такви одблесоци и светло - темни игри постојат, што поради дрвената материја оддаваат впечаток на златен отсјај и пластичен раскош. А најпознатиот од „мијачката тајфа", Макарија фрчкоски, е роден 70 години пред Роден, и умира девет години по раѓањето на најголемиот импресионист во склуптурата. Оваа убава размисла за сличноста на импресионизмот во македонските копаничарски дела и импресионизмот на склуптурата се надоплнува уште повеќе со прашањето на Јулија: „...како естетички би се однесувал Роден кога би ги видел делата на македонските копаничари"*.

Со сигурност може да се потврди дека братот на Макарие зографот и резбар Трајан исто така работел во црквата во Галичник и изработил една икона на која ги насликал светите Кирил и Методиј. На галичките мајстори во изработката на икони со свои две дела им се придружил најпознатиот и најпродуктивниот зограф на 19 век Дичо Зограф. Едната од нив е меѓу првите негови познати работи со претстава на евангелистот Марко, со што се потврдува тезата дека парохиската црква Света Петка претставува и зографска - копаничарска школа за идните врвни македонски народни уметници.






Исто така, во црквата се наоѓаат две извонредни икони на зографот Неделко од Росоки. Посебно треба да се истакне иконата за целивање со ликот на Исус Христос. Таа го претставува автетичниот ликовен израз на овој мијачки зограф што особено се забележува во оформувањето на ликот и главата на Исус Христос, кои носат антрополошки карактеристики на луѓето од малореканскиот крај. Втората икона е повеќе архаична со тема Моление со апостоли, изработена на монолитна дрвена подлога со карактеристики од иконописот на 18 век. И двете икони се работени

од втората половина на 18 век работени за старата еднокорабна црква во Галичник.

Двете олтарски врати се мошне интересно насликани од потомците на Макарие Фрчкоски со многу едноставни потези и со топол и јак колорит. Десната врата е насликана со светецот старомаченик Харалампија од Кузман Фрчкоски, а левата врата со Св. Архангел Михаил насликана од Христо Макариев Фрчкоски, ученик и соработник на Дичо Зограф.

Поведето од сочуваните над шеесет икони што денес се наоѓаат во црквата Света Петка, се наменети и поставени за трикатниот иконостас. Иконостасот во неговата првобитна состојба бил изведен од едноставна примарна – носива дрвена конструкција од даб или орев, секундарни опшивки, рендисани зажлебени даски, со скромни орнаменти, обоени во сиво-сина боја на кои се поставени икони во три реда, како и крст и распетие. Во долниот дел има парапетни плочи исто во сиво-сина боја на кои се претставени библиски сцени.

Всушност некои сликарски обиди кои ги оставиле иконописците на парапетните плочи во црквата Света Петка во Галичник се зачетоците на македонскиот импресионизам, кој ќе се појави дури на почетокот на триесетите години на 20 век во Македонија. Имајќи го предвид визионерскиот мијачки уметнички слух

за авангардност, не случајно основоположникот на македонското сликарство Лазар Личеноски (воодушевен од богатото уметничко наследство во нашите манастири и цркви) во својот ретко богат дневник ќе запише:

*„Занесени во Сезан и Ван Гог ниту помислувавме дека овде уште во дванаесетиот век се сликало послободно и посилно, ликовно поубедливо отколку што може да се види кај кој и да е Французин од 19 и 20 век".*

Со реконструкцијата на иконостасот заменета е дрвената конструкција со мали конструктивни отстапки, а бојата на дрвото е светло кафеава. Според стилот и истакнатите елементи очигледно е дека во изработката на иконите за овој иконостас учествувале повеќе зографи со извесни стилски особености, на кои не се наметнуваат на општата претстава за хронолошка и стилска блискост на нивните дела.

Тоа се дела на една особено талентирана и искусна тајфа од Галичник, која останува голема енигма до ден - денес. Најверојатно, најдобриот и најталентираниот од нив ги изработил повеќето од престолните икони, како што се Свети Никола и Свети Атанасије, Свети Јован Претеча, Света Петка Светите Петар и Павле, Света Богородица со Исус Христос, Исус Христос и композицијата Чин (икони со

Молeние и апостоли). Иконите имаат изразит шаблонизиран третман на претставените ликови, но истовремено стилизираниот манир во целосната комплетна обработка плени со сигурниот и детален, многу точен (минуциозен) цртеж. Сето тоа е надополнето со добро осмислената композициона структура и топол колорит што особено го облагородува богатата изработка на позлатата.

Кај некои икони се чувствува сигурно владеење на формата и перспективата, како и подиференцирани премини во моделирањето на лицата и рацете. Истовремено се открива и функцијата на светлината во дефинирањето на формите со интересни пластични вредности. При иконописот на престолните икони присутно е настојувањето ликовите да се претставуваат во зголемен формат, со нагласена волумиозност и пластично обликување како и со надополнување на раскошни облеки на светителите.

За разлика од престолните икони, повеќето од празничните икони како што се: Благовештение, Сретение, Преображение, Распетие, Воскресение, Вознесение Христово, Собор на Апостоли, Слегување на Светиот Дух, Воведување на Богородица во храм, Рождество на Свети Јован Претеча, Вознесение на Свети Илија и Четириесет маченици се дело на

помалку искусен зограф од оваа галичка работилница. Тој се одликува со карактеристично осенчување на ликовите, давајќи им нешто построг и поладен изглед на лицата. Карактеристично е што кај некои икони среќаваме и површинско решавање на формите и линијата како основно изразно средство. Но, имајќи го предвид времето на настанувањето на овие икони во контекст на општите тенденции во равојот на македонската уметност, посебно мијачката школа на иконописот и резбата од почетокот на 19 век на ова тло, кон иконографската секуларизација и стилско-уметничката деканденција, тие дотолку претставуваат многу значајно сведоштво за негувана и зачувана вековна традиција и извонредна уметничка презентација.

Уште од моето најрано детство, најсилен впечаток ми има оставено иконата Свети Три Светители. Впрочем оваа икона ме ипресионира со богатството на содржината, видот на боите, извонредниот цртеж на ликовите, раскошните облеки обработени до најситен детаљ на светителите, перспективата и духовната божествена порака. Оваа икона е престолна и е насликана 1868 година од зографот Коста, а е донација од познатата галичка фамилија Гиноски. Можеби некои од стручните лица за македонскиот иконопис не би се сложиле со

мојата констатација, но сигурен сум дека секој посетител на црквата Света Петка и верник застанат пред оваа икона и прекрасно уметничко дело, нема да остане рамнодушен од ликовната сцена која ја гледа пред себе и побожно се поклонува.

Посебно треба да се истакне и завршницата на трикатниот иконостас со иконостасниот крст „Христовото распнување". Овој крст е уникатен по тоа што на сите негови четири страни се насликани четири ангели, сведоци за распнувањето на Христос. Тие се негови најблиски, кои најмногу страдаат и тагуваат во тој драматичен момент. Таков ист крст не среќаваме во другите наши цркви и манастири. Тука станува збор за исклучиво голем крст кој во основа ги има двете аждаи, до кои се издигаат двете икони со светци. Тој кулминира во завршницата со прекрасните икони на четирите евангелисти, со прекрасна резба од генијалниот Макарие Фрчкоски, со еден збор богата содржина и симболика на големата сила на основната христијанска идеја. Верниците веруваат и застануваат пред него со голема надеж и очекувања.

Исто така не помалку интересни се библиските сцени насликани на парапетните даски од иконостасот, кои многу изгубија од својата вредност по промената на бојата на

основата, од светло сина во кафеава и окер, при реставрацијата од нестручниот конзерватор.

Во црквата се наоѓа и еден изрежан позлатен триаголник опкружен со повеќе долги и кратки зраци. Во средината е насликано око. Овој знак по Светото писмо го симболизира светиот дух. Но исто така овој знак потсетува и на масонските белези. Можеби овој триаголник и знаците на подната камена розета се потврда дека некои од галичаните, особено печалбарите, градителите и зографите имале допирни точки со масонските организации или биле нивни членови.

Сѐ заедно, внатре во црквата, иконите со пријатни бои, со висок квалитет, дури малку наивни во ликовна смисла, бројната опрема како тронот, пиедисталите за свеќи, висечките кандила, со дрвените певници поттикнувале на почит и пријатност. Овој скромен иконостас со својот дух лесно ги обзема бројните верници и посетители кои се поклонуваат према олтарот, а потоа заминуваат пооcлободени од грижите, помирни и поспокојни, а некои од нив и излечени од болести. Овој совршен амбиент со сите убавини од бога, од природата, од неимарите и уметниците придонесува за развојот на верскиот живот во црквата, пропратено со мир, тишина, осаменост и заедништво, верско-филозофски размислувања

и претпоставки. Ова гостопримливо засолниште на галичаните им ги олеснуваше раните двесте години наназад и затоа останува почитувано во срцата на сите и денес, а сигурно и во иднина. Кандилата со масла светат и денес пред иконите со светци, опкружени со ореоли во силни бои со позлата и сребро и повторно секој посетител се прашува кои беа овие непознати сликари кои со своја рака ја украсија црквата, односно мајстори верници што му ја подаруваа својата уметност на бога.

Затоа старите на младите им раскажуваат за тоа што го чуле од постарите за црквата, за светицата света Петка и вербата во неа. Тие велат: " *Тука во црквата се крстени и тука учеле иконопис, резба и почнале да работат највредните и најталентирани зографи, иконописци и резбари, таму се нивните први дела, таму се чувале вредни работи, црковни книги, ерминии, важни документи...*"




ПЕТКА




ХС.










ІѠАННЪ
СТЫИ
ГРИГОРІИ





# Несекојдневие поврзано со црквата Света Петка

Многу настани и интересни случки се поврзани со старата црква Света Петка или како што галичани скратено и од милост си ја викаат „Стара црков".

Заштитничката на Галичник света Петка успеала да ги штити Галичник и галичаните низ сите вековни премрежја, војни и плачкосувања... Галичник не ја доживеа судбината како многу други мијачки села да биде запален и изгорен благодарение на нејзиниот дух и верба со кој галичаните наоѓале излез и решение за сите проблеми.

Многу дечиња кои не можеле да проодат ги носеле во црквата и за чудо со првото нивно стапнувања во црковниот комплекс ги правеле своите самостојни чекори. Сите мајки кои се породиле верувајќи во духот на големата заштитничка и „мајка" света Петка останувале живи и здрави. Недоносените бебиња и без инкубатор со молитвите на мајките во црквата Света Петка останувале живи и се развивале најнормално.

Девојките кои не можеле да си најдат момче или биле неодлучни да стапат во брак, по

доаѓањето во црквата, миењето и пиење вода од малата чешма под камбанаријата, каде што имало и мало иконче, набрзо формирале свое среќно семејство. Верата и љубовта кон пресветлата света Петка и лековитата вода излекувале многу болни.

Во шеесетите години на минатиот век, кога во Галичник поточно во Долномало се јави големо клизиште и целата локација околу црквата клизна во висинска разлика од 1,5 метар, за чудо црквата  и камбанаријата клизаа без да претрпат посериозни оштетувања. Во ваков случај далеку поздрави градби не би издржале, пример за тоа е рушењето на цели групации на објекти во Македонија.

Многу интересен настан поврзан со црквата Света Петка во Галичник е враќањето на украдениот крст. Имено во 2005 година  Рената Хорват од Загреб со писмо преку свои пријатели го вратила крстот земен од старата црква од Галичик. Рената во писмото пишува дека крстот го добил нејзиниот покоен сопруг пред 40 години, кога бил на лов во Македонија, како подарок од некој македонски политичар. Таа понатаму во писмото пишува дека тој потекнувал од некоја напуштена црква од Галичник. Крстот бил дрвен, рачно изработен со гравури и издлабени ангелчиња и се претпоставува дека потекнува од периодот

помеѓу Првата и Втората светска војна. Долги години Рената најверојатно била под притисок и прогонувана од мислите дека крстот треба да го врати назад. Желбата ѝ се исполнила 2005 година кога нејзините пријатели крстот со писмото го предале на единствениот жител на Галичник, Галена Кутревска која е чувар и клучар на старата црква. Просто неверојатна приказна, неверување и пример дека многу културни богатства од Галичник се исчезнати, а ретко се вратени назад.




Ovaj sam križ dobila prije nekoliko
godina od g-đe Renate Horvat.
Dajući mi ga rekla je: „Unijančica,
ovaj križ je Joža dobio prije puno
godina od nekog makedonskog
političara, kada su bili u nekom
lovu u Makedoniji. On se više
i ne sjeća da ga je dobio. Dajem
ga tebi, a ti ćeš najbolje znati
što ćeš s njime. To je križ koji
je došao iz neke napuštene
crkvice iz Galičnika. To je sve
što znam o tome."

Križ sam dala na procjenu.
To je običan pučki rad, nema
vrijednost i pretpostavlja se da je
napravljen u razdoblju između
I i II svjetskog rata. Nisu čisti
pravoslavni motivi – možda čak
iz grkokatoličke crkvice (ako je
takva postojala) ili makedonske


pravoslavne crkve. Kako god -
imam moralnu dužnost da to
vratim u selu crkvu u Galičniku
(Kada sam prošle jeseni posjetila
Skopje – nisam još uvijek
[illegible] imala sigurnu infor-
maciju odakle je križ).
Molim Macu i Trojčeta da to
vrate kamo spada.

Mirjana [illegible]

Zagreb, 25. 4. 2000.

# Света Петка духовен и просветен центар

Црквата Света Петка во 19 век била духовен и просветителен центар, кој со просветителскиот дух и зрак ги осветлуваше и будеше Мијачијата и Македонија. По осветувањето на црквата во 1809 година наскоро било изградено и првото ќелијно училиште или како што го викале даскалница. Заедно со библиотеката од старословенски книги, одиграло многу значајна улога во описменувањето и просветата на населението од овој крај. Меѓу другите активности се пишувале, преведувале и препишувале многу книги. Така на пример, Крсте Гиноски и неговиот син Панајот превеле и препишале една ермениja од грчки на македонски јазик, а Павле Стојаноски препишал една руска ерминија.

А. Апостолов укажува дека во селата од областа Мала Река најрано било отворено училиште во Галичник и дека први учители биле Крсте Гиноски, јеромонахот и народен учител Константин С. Граоркоски, Јанко Апостолоски, Г. Христо, Павле Гликароски,

Кузе Цубалески, Алекса, Стрезо и Ѓорчо Попоски, Јосе и Павле Ажиески, Доста Мицоска и други.

Во ќелијно световно училиште се изучувала црковно-словенската писменост со која учениците се служеле за месниот народен галички говор. Во првото ќелијно училиште од 19 век се образувале многу фолклористи, истакнатите македонски преродбеници и родољуби Кузман Галичанчето, Велјо Личеноски, Архимандритот Арсениј, игуменот Михаил, Ѓорѓија Пулески, Партениј Зографски, Панајот Гиноски, Димитар Станишев, Ристо Лоноски и сите први народни учители, иконописци и резбари од 19 век. Тука престојувал и Димитар Миладинов кој бил гостин на неговиот ученик Партениј Зографски. Се претпоставува дека во овој духовен центар престојувал и големиот македонски поет Прличев, кој за навек го овековечил неповторливиот Галичник.

Ова покажува дека Галичник уште во почетокот на 19 век станал еден од малубројните културни и духовни центри во Македонија. Или како што вели мојот драг роднокраец Стојче Дојчиноски – Росоклија: „Повеќе учени луѓе при нивните истражувања му придавале значение како на универзитет,

заедно со другите моќни центри во Македонија, особено охридскиот".

Описменувањето и духовната култура кај галичаните се потврдува не само со пишувањето на првите учебници и книги, туку и со појавата за претплатници на книги, донатори и спонзори за печатење книги. Така уште во 1838 година Галичник и галичани се претплатени на книги од печатницата на Теодосиј Синаитски во Солун. Со сопствени средства во печатењето на книгите на најзнаменитиот македонист, национален борец и преродбеник Ѓорѓија Пулески, му помагале галичаните: јеромонахот и учител Константин С. Граоркоски, Поп Арсеније Попоски свештеник, Глигорија Ј. Попоски, прота Мењхисекек – Мелке Попоски свештеник, Христо, Исаче и Кузман Фрчкоски копаничари и зографи, Трајко Негриевски, Михаил Ѓ. Фрчкоски, Томо Пулески, Никола Ј. Медароски иконописец, Стамат О. Алаутоски мајстор челник- градител, Секо и Анатолија Кутрески, Симон ќеаја И. Торетески, Димо Тортески, Авросија Тортески, Дамјан Жикоски, Јанко Апостолоски учител, Наќе Т. Колоски, Арсенија Ј. Каргоски, Рафаил С. Ќипроски, Г. Христо учител, Томо А. Томоски, Аврам Т. Томоски, Митре Ј. Караѓозоски, Хаџи-Глигур К. Бужароски, Костадин Г. Бошкоски, Илија С. Влчески, Аврам С. Грандески, Јордан М.

Голчески, Девесил П. Пакоски, Софронија Ѓ. Музески, Смиле С. Јурукоски, Крсто М. Чапароски и Ристе М. Попоски.

Со сигурност може да се констатира дека црковниот комплекс Света Петка одиграл многу значајна, би рекол огромна улога во дооформувањето, зачувувањето и опстојбата на македонскиот идентитет. Или како што напиша новинарот - хроничар на Галичник Киро Кипроски (по повод реконструкцијата на најстариот објект, црквата Света Петка), во весникот Нова Македонија: „Во минатиот (19 век) и во овој век старата црква во Галичник била средиште на духовната, просветителната и културната активност на овој печалбарски крај“.



напечатано

отъ

Архимандрита Партенія

Зографскаго.

ЦАРИГРАДЪ — ГАЛАТА.

Въ [illegible] на Д. [illegible] и Б. [illegible]

1858.


на
Ветхо-и-Новозавѣтна-та
Цьрковь.
Преведена
отъ
Архимандрита
Партенiй Зографскiй.
Цариградъ-Галата
У Книгопечатницата на Д. Цанкова и Б. Миркова.
1857.


КРАТКА

СЛАВЕНСКА ГРАММАТIКА.

съставена

отъ

Архимандрита

ПАРѲЕНIЯ.

ЦАРИГРАДЪ.

Книгопечатница-та Ц. Вѣстника.

1859.


тїанны речите Бгъ да гω прости во цртво
нбное. и сы те хртїанны Бгъ да не наста-
вы во негово цртво аминъ.
Бгъ да не наставитъ сы те хртїанны на до-
боръ и истиненъ пѹтъ неговъ да имаме стра-
хъ Бжїй, аминъ
Бгъ да подаетъ всекомѹ добрый разѹмъ, и
покаанїе всецѣлое, и помышленїе на исповѣ-
данїе своихъ (греховъ), и да не помилѹватъ по мно-
гото милость негова, да ны простытъ греха-
вы те наши, емѹже слава и держава во вѣ-
ки вѣкωвъ аминъ.

Марта 9. днь.

Галичникъ. 1866.

Азъ Панайотъ Крстевичъ, писахъ сїя ... слово,
Святому Великомученику Георгїю, во храму
его святому, у село Лазоропоље.
Ревностїю вѣрою хрїстіанскою, въ душевную пользу человѣкамъ.
Въ помяненные мое завѣщанїе (...) къ служителям Святому.



Сїю книгꙋ глаголемꙋю Ермїнїа.
Первѣе преписалъ Иларїонъ монахъ
зографскїй, иже во Афонѣ.
Ѿ неяже паки второе преписалъ хрї-
стѣ хаџи Константїновичъ отъ гра-
дѣ прилепѣ Македонстѣмъ.

1818.,

Отъ неяже паки третое преписалъ
Павелъ Стояновичъ зографъ отъ
градѣ Дебъръ Северо-Албанстѣй
ѿ село Галишникъ. 1869

# Траење, одржување и обнова на црквата Света Петка

За црквата Света Петка се грижеле и ја одржувале многу галичани за кои знаеме или не ни се познати, исто како и за свештените лица што служеле во неа. Од записите и сведоштвата дознаваме дека во црквата богослужеле поп Трајан, Георгија јереј (свештеник), Арсенија архимандрит, јереј Исак, Богоја јереј, попот Овентиоски, Авросија, попот Наќе Томов, попот Мелке и Ѓорѓија Попоски, попот од Селце, поп Радоица, поп Танас од Дебар и последниот поп кој богослужеше во црквата Света Петка беше Андреја Бајшански. Посебно мора да се истакне дека секоја галичка фамилија, секоја куќа во Галичник има помогнато во одржувањето и обновата на црквата и сите се грижеле во рамките на своите можности.

Но, според исказите на постарите галичани, записите, личните сеќавања и сведоштва ќе ги опишам сите поважни настани и поактивни личности кои се поврзани со одржувањето на црквата, нејзината реконструкција и обнова. При тоа сакам да се извинам доколку некој настан или личност не

сакајќи – од незнаење сум ги изоставил. Секако дека ќе имав пореална слика за сè, ако многуте записи, црковни книги и документи не биле земани од неовластени лица уништени или скриени без да видат бел ден до ден - денес. Можеби оваа публикација ќе натера некој од нив да врати дел од таа документација, предмети и слично.

Од кажувањата на постарите галичани може да се заклучи дека за старата црква најмоногу се грижеле долномаалци, но и други галичани. Тие ги спомнуваат Петрета Алаутоски, Марко Кржалоски, извесен Иванче, Цвета-Аќимица Шаклеска, Јаков Мешкоски, Томо Кунчески и др. Посебно галичаните го истакнуваат Ѓорѓе Чалчески, кој најмногу се ангажирал за време на Втората светска војна кога се срушил западниот ѕид на црквата. Тогаш тој ги повикал сите долномаалци со заедничка акција да се ѕида нов ѕид. Бидејќи оштетувањата биле поголеми и на северниот и на јужниот ѕид, црквата била скратена скоро за 1/3 од нејзината првобитна должина.

Јас лично ќе набројам некои од постарите кои се грижеа и ја одржуваа црквата од 1955 до денес. Тоа беа: Нестор Шулески, Тане Бисерински, Арсе Караѓозоски, Пане Раваноски, Штиљан Прлеоски, Фоте Бундалески, Ристе Крлачоски, Ристе Мелоски, мојот дедо и

каирски печалбар Петре Желчески или како што го викаа ажијата (бидејќи двапати бил во Јерусалим). Ристе Мелоски или докторот како што го викавме бидејќи работеше во амбулантата како лекарски санитет, лекувјќи многу пациенти и спасувајќи многу животи, беше голем верник и оперативец - организатор за заштита на црквите во Галичник. Посебно треба да ги истакнам Ристе Крлачоски и Петре Желчески кои исклучително знаеа црковно да пеат и кога ќе застанеа на певниците еден спроти друг беше вистинско уживање да се слушаат. Овие личности со скромни средства собрани од галичани и со своја работна сила настојуваа да ги фаќаат капавиците од камените плочи, препокриваа, ги менуваа стреите и поставуваа лимови, менуваа греди, се справуваа со оштетувањата од клизиштето и од земјотресот во Дебар. Нас децата (Пане Раваноски, Кире и Косто Граоркоски, Даме Ѓозински, Томо Черепналкоски и др.) нè тераа да копаме бразди од Сино Дере до црквата за да дојде вода, потребна за изведување на градежни зафати во црквата. Така беше до 1970 година. Црквата како така опстојуваше, иако Галичник беше целосно иселен. Во тој период многу помагаше задругата Бистра од Галичник, под раководството на директорот Велимир Граоркоски, голем и неуморен борец, кој целиот

свој живот го посвети на опстојба и ревитализација на Галичник и Мијачијата. Секогаш кога имаше потреба од градежни интервенции, на располагање беа задружните мајстори Мерсим и Амзо од Скудриње или мајсторот за покривање на капавици Дине од Присојница. Задругата носеше (со камион или со коњи) градежен материјал и даваше донации.

Набрзо потоа, галичаните формираа разни асоцијации за ревитализација на Галичник, па беа формирани фондација, месна заедница, црковен одбор и слично. Одржувањето и грижата за црквата продолжуваше, па најагажирани во тоа беа Василко Гиноски, Самоил Писески (првиот организатор на мијачките и галички граѓански асоцијации), Стојан Козолоски, Блаже Кржалоски, Јосе Крлачоски, Митре, Дамјан и Бојна Ѓозински, Кире и Илина Граоркоски, Пане и Јован Равановски, Митре Ажиески, Мелетија и Кате Бркоски, Драган Бошнакоски, Анто и Веле Тортески, Јован и Миле Кежароски, Лазар и Милица Секоски, Галена Кутреска и Нада Мицоска. Посебно тука сакам да ја истакнам активноста на Лазар и неуморната Нада Мицоска. Но пред сите, најголема грижа водеше Митре Ѓозински сè до крајот на својот живот. Беше исклучително педантен и работлив човек, водеше точна и прецизна евиденција за сите што донираа за црквата, како и за содржината и

имотот на црквата. Немам зборови со кои можам да опишам каква нескриена радост искажуваше при секоја инцијатива за одржување и обнова на црквата, особено кога се назираше иницијативата за нејзина целосна реконструкција и обнова. По него, извесен период во негов стил, грижата за црквата ја презема неговиот син Дамјан Ѓозински, а денес тоа го прави Стефо Шушлески – Шукриоски.

Во деведесетите години на минатиот век кога се наѕираше опасност црквата и камбанријата неповратно да исчезнат засекогаш, мојот внатрешен порив и инстикт за опстојот на духовните и културни вредности на Галичник ме натера заедно со мојата сопруга Магде Граоркоска да иницираме, поточно да испровоцираме поширока акција за зачувување на црковниот комплекс Света Петка во Галичник. Инспирирани од мајсторската градба, донираме лични парични средства и напишавме еден скромен текст на парче хартија, во кое ја изложивме идејата да се сочува и обнови старата камбанарија. Набргу потоа ја објавив мојата прва публикација за Галичник "Галичник 5000:1" во која меѓу другото ја нацртав старата камбанарија и под цртежот запишав:

*"Камбанаријата на старата црква Света Петка во Галичник чека некој да ја поправи и нејзините ѕвона да ѕвонат надалеку".*

После објавувањето на публикацијата ме сретна проф.д-р Стефо Чапароски и ми соопшти радосна вест дека кога го прочитал текстот за камбанријата кај него проработил аманетот на неговата мајка за зачувување на прекрасната камбанарија, која се наоѓа во близината на неговата родна куќа. Всушност големите заљубеници во Галичник, спомагатели, донатори за обнова и ревитализација на Галичник браќата Стефо, Љубе и Раде Чапароски, сите лекари професори на медицинскиот факултет во Скопје, решиле да го исполнат мајчиниот аманет - целосно и автентичо да ја реконструираат и обноват камбанаријата на црквата Света Петка во Галичник. Речено сторено, во 1994 година браќата со сопствени средства отпочнаа со градежните зафати и ја спасија од заборав една од најубавите архитектонски градби. Изведувач на работите беше ЕСМ - електрани Гостивар под раководство на дипл. гр. инж. Јован Чаловски. Покрај камбанаријта, на северниот ѕид браќата Чапароски изградија чешма исто како што направија и кај црквата Света Петка во близина на Старо Село.

Во меѓувреме галичаните ја ширеа уште посилно идејата за реконструкција и обнова на старата црква. Во тој период акцијата ја водеше Здружението пријатели на Галичник „Ѓорѓи Пулевски“ од Скопје, со претседателот Ненад Стојановски за што сведочат дописот до Републичкиот Завод за заштита на спомениците во Република Македонија и заедничкиот проглас за собирање на средства со црковниот одбор од Галичник. После ова, по препорака на Василие Лепчески, членовите на Здружението пријатели на Галичник „Ѓорѓи Пулевски“ Мелетија Бркоски и Косто Граоркоски, се сретнаа за првпат, со младиот министер за внатрешни работи во Владата на Република Македонија Љубомир Данаилов Фрчкоски, по потекло галичанец. Целта на посетата беше за консултации, во врска со објавување на една книга „Знаменити македонски преродбеници“ од Галичник. Во разговорот министерот нѐ воодушеви со неговата јасна мисла, интелегенција и идеи. Сфатив дека е човек кој сака да прави големи работи за нашата млада демокртаска држава, како и тоа дека држи до своите галички корени. Кога во разговорот слушна за нашата идеја за обнова на старата црква во Галичник, не посоветува дека не треба да се бараат пари од државните институции зошто ги нема доволно, туку напротив при

решавањето на вакви проблеми треба да се оди со донации и спонзорства. Ни вети дека ќе помогне Заводот за заштита на спомениците да ја заврши потребната техничка документација за обнова на црквата, како и тоа дека презема обврска да најде соодветен донатор. Беше човек од збор, летото во Галичник пристигна со бизнисменот и голем патриот Владимир Ралев кој на галичани им обезбедил донација во висина од 30.000 американски долари со намена за реконструкција и реставрација на прекрасниот иконостас. Средствата беа прфрлени на сметката на Републичкиот завод за заштита на спомениците. Иконите од црквата беа регистрирани записнички, а потоа се транспортирани од страна на Санде Трајковски и Кире Граоркоски со комби возило (сопственост на фирмата „Трготекстил" од Скопје) на конзервација. Потоа следуваа првите градежни зафати согласно проектната документација, под надзор на стручните лица од Заводот за заштита на спомениците на културата.

Здружение пријатели на Галичник
„ЃОРЃИ ПУЛЕВСКИ"
Бр. 20/95
04.03 1995 год.
СКОПЈЕ

Здружение пријатели на Галичник
"Ѓорѓи Пулевски"
Скопје

Мито Хаџивасилев Јасмин 50, тел. 211-598, факс: 211-838, Ж-ска: 40100-678-39203

До
РЕПУБЛИЧКИ ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА
НА СПОМЕНИЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА
М А К Е Д О Н И Ј А- СКОПЈЕ

Ве известуваме дека Здружението пријатели на Галичник "Ѓорѓи Пулевски" од Скопје и Црковниот одбор од Галичник одлучивме со взаемна помош на сите галичани и пријатели на Галичник да го обновиме и реновираме храмот божји"Света Петка" во Галичник,како целосен комплекс со старата црква даскалницата и камбанаријата.

Со оглед на тоа што заштитата на овој објект е под Ваша надлежност,Ве молиме работите да ги изведувате со Ваши стручни лица согласно изготвената техничка документација.

Се надеваме дека ќе собереме потребни парични средства и градежен материјал и со ваша помош оваа година да ги завршиме градежните работи.За да може да набавиме потребни количини на градежен материјал со соодветен квалитет бараме да ни доставите еден примерок од техничката документација со предмер и пресметка.

Напоменуваме дека црквата е во многу лоша состојба, потпрена со скелиња и доколку ова лето не почнеме сообнова и заштита може да ни се случи да исчезне и овој значаен културен споменик, како што беше случајот со родната куќа на Партенија Зографски.

За соработката и разбирањето однапред ви изразуваме благодарност.

Здружение пријатели на Галичник „Ѓорѓи Пулевски" Скопје

Претседател
Ненад Стојановски



ПОЧИТУВАНИ ГАЛИЧАНИ

ПОЧИТУВАНИ ПРИЈАТЕЛИ

НА ГАЛИЧНИК

Ви се обраќаме за да Ве потсетиме дека постојат сите предуслови целокупното културно-историско богатство, кое зрачи од секој камен во ГАЛИЧНИК со Ваша помош никогаш да не се уништи од забот на времето.

Ние, здружението пријатели на Галичник "ЃОРЃИ ПУЛЕВСКИ"-Скопје и црковниот одбор од Галичник, со взаемна помош на сите Вас, одлучивме да го обновиме и реновираме храмот божји " СВЕТА ПЕТКА " во Галичник, како целосен комплекс со старата црква, даскалницата и камбанаријата.

Низ многуте поминати векови во духовната свест и постоење на галичаните, пресветлата црква "СВЕТА ПЕТКА " во Галичник, била светилиште на битието, верата и надежта во опстојувањето како Македонци.

За оваа благородна цел Вашата парична и матерјална помош ќе биде уште една потврда за љубовта и заедничката желба што поскоро да се врати сјајот на оштетените фрески и прекрасниот иконостас и да се чујат надалеку црковните камбани. Можеби уште наредната година во оваа црква ќе се венчаат и првите младенци на Петровден, како и пред многу години кога се венчавале и по пеесет младенци.

Дали ова ќе стане стварност зависи од мене, тебе , од сите нас...

Затоа Ве молиме преку жиро сметката на здружението пријатели на Галичник "ЃОРЃИ ПУЛЕВСКИ" 40100-678-39203 отворена во Заводот за платен промет Скопје, уплатете ги Вашите средства со цел на дознака: иницијативен одбор за обнова на црквата "СВЕТА ПЕТКА" во Галичник.

На овој начин станувате донатори и ќе бидете запишани во плочата на обновителите на црквата трајно во вековите на нашето постоење.

Средствата може да се уплатат лично во Галичник, кај овластени лица на црковниот одбор, а во случај да подарувате градежен материјал истиот треба да биде во димензии и квалитет согласно инвестициона техничка документација.

Бидејќи Вашиот подарок ќе биде еден камен темелник за духовното светилиште "СВЕТА ПЕТКА" и алка што ќе ја сврзе нашата иницијатива за зачувување на сите културно-историски објекти, од кои зрачи историјата и судбината на Македонецот, во Галичник и целата Мијачија.

Однапред Ви изразуваме голема благодарност и трајна почит.

За црковниот одбор
Лазо Сековски
Л. Сековски

За здружението пријатели
на Галичник
" ЃОРЃИ ПУЛЕВСКИ "
секретар Коста Граоркоски

Месна заедница "ГАЛИЧНИК"
Скопје, Никола Вапцаров 8,
тел.фах. 091 / 232-441
ж-ска: 41510-635-1221



Галичник, 17.08.1999

До

Предмет: Барање донација за санација на цркавата Св.Петка
Старата црква во Галичник.

Почитувани,

Деновиве ќе отпочнеме со санација на црквата св. Петка (стара црква) во Галичник, која е значаен верски објект и културно историски споменик.
Црквата е во многу лоша градежна состојба и непревземањето на активности во оваа година би можело истата целосно да се разруши.
Поголемиот дел од средствата ги има обезбедено Месната заедница Галичник.
Молиме за Ваша донација во рамки на Вашите можности.
Со извршувањето на градежната санација ќе се овозможи санирање и враќање на иконостасот, за што обврска има превземено Заводот за заштита на културно историски споменици на Р. Македонија.
Остануваме во надеж дека со свои парични средства ќе помогнете да се изврши неопходната санација на Црквата и молиме средствата да ги уплатите како следи:
Корисник: Месна заедница Галичник
Банка на Корисникот: Стопанска банка
Жиро сметка бр. 41510-635-1221 ЕДБ 4007975114308
Цел на плаќањето: санација на старата црква Св.Петка во Галичник.
Со почит

Месна заедница
Галичник

Посебна благодарност должиме на стручните лица за изработка на документацијата и изведувањето на работите Никола Шентевски, Ѓурѓица Лековска, Јовица Маневски, Маја Несторова и Андреја Јовановски. При реконструкцијата најнапред се изведе голем потпорен армиранобетонски ѕид со средства обезбедени од Здружението „Ѓорѓи Пулевски" и големиот ангажман на Ефтим Цубалески. После овие големи активности, се јави застој во работите. Иконите беа вратени во Галичник, па со оглед на тоа што немаше услови да се вратат на иконостасот во старата црква, тие со одлука на Здружението беа пренесени во новата црква Свети Петар и Павле. Со изборот на новата Месна заедница во Галичник спој на младост и искуство (Ацо Лепчески, Митре Ажиески, Александар Кржалоски, Косто Граоркоски, Стојче Дојчиноски-Росоклија и др.) активностите продолжија со несмален интезитет. За афирмација на Галичкото културно наследство, од 08.07. до 11.07.1996 година во Музеј на град Скопје беше организирана изложба на галичките икони од црквата Света Петка. Претседател на организациониот одбор на изложбата беше неуморниот ентузијаст и културен работник Митре Ажиески. Во 1998 година по предлог на Митре Ажиески за претседател на МЗ Галичник

е избран Илија Филипоски (потпретседател на валадата на Република Македонија, министер и републички пратеник) донатор со неговите браќа за преобнова на малата црква Света Петка во околината на Старо Село. Неговата љубов кон светицата света Петка ќе допринесе максимално да се ангажира да обезбеди стредства за обнова и целосна реконструкција на црковниот комплекс Света Петка во Галичник. Неговиот ангажман беше пресуден да се спаси еден така вреден објект од пропаѓање. За кратко време успеа да собере над 16.000,00 DM по спроведената тендерска постапка, работата да ѝ ја довери на приватната фирма „Униградба" сопственост на дипл.гр.инг. Пане Равановски. На 28 август 1999 год. на денот на христијанскиот православен празник Успение на Пресвета Богороцица, Илија Филипоски го постави камен темелникот за целосна реконструкција на најстариот и најзначаен објект во Галичник црквата Света Петка. Тоа беше голем празник за Галичник и галичани. За рекордно време изведувачот на работите „Униградба", пред се со тајфата на писојничките мајстори Селам и Кемал изведе нова армирано бетонска конструкција со темели, столбови, греди и аркади. Се изведе нова кровна дрвена конструкција и покрив од бакарен лим. Истовремено се започна со проширување на

црквата во првобитните димензии од 1809 година, со изведба на конструктивните елементи: темели столбови и камени ѕидови за да се стигне до котата на приземјето. После ваквата иницијатива на Месната заедница имаше мал застој со продолжување на работите околу реконструкцијата на црквата. Но тоа не траеше долго. Со донации на лични средства од галичани се преземаа низа акивности за продолжување на работите за завршување на карабината. Така Кире Јурукоски со свои средства изведе комплетна громобранска инсталација. Сопствени средства галичани и пријатели на галичник донираа за малтерисување, изработака на прозори, врати за камбанаријата, бетонирање, за правење на дрвена таваница и слично. Посебно за овие работи донираа фамилиите на Калина Филипоска, Митре Ажиески, Митре Кипроски и Косто Граоркоски.

Во 2005 година конечно визијата за целосно обновување на црквата се наѕираше по големата упорност на Љубомир Фрчкоски, кој успеа на само нему својсвтен начин да го убеди бизнисмениот и градоначалник на Скопје, Трифун Костовски да донира огромни финансиски средства за доизградба на црквата. Односно 2005, 2006 и 2007 год. се продолжи од котата на терен со ѕидањето на новиот западен

ѕид, продолжување на северниот и јужниот ѕид, изградба на галеријата и скалите, продолжување на бетонските работи, покривање на објектот, малтерисување и фарбање во внатрешноста на објектот и изработка и монтажа на нов иконостас, на кој беа вратени првобитните икони. Посебно треба да се истакнат и донациите и ангажирањето на Борче Бундалески, како и ангажирањето на Самоил Кукоски, Мелетија Бркоски, Златко Глигоров, Љупчо Иљоски, Живорад Марковски и тајфата на присојничкиот ѕидар Зија. Сето тоа беше завршено за две години работа и на 15.09.2007 година со сите црковни обреди (со света архиерејска литургија раководена од митрополитот дебарско кичевски и плаошки Тимотеј и во сослужение на архимандритите Партениј и Нектариј и други свештеници на МПЦ) беше преосветлен прекрасниот храм Света Петка во Галичник. На чинот на преосветлувањето присуствуваа над 1000 галичани и пријатели на Галичник меѓу кои и донаторот за дообнова на црквата, Трифун Костовски и најзаслужниот за изнаоѓање на донатори и донации Љубомир Данаилов Фрчкоски.






ЦРКВА Св. ПЕТКА
ГАЛИЧНИК
ОБНОВЕНА 2006
СО ДОНАЦИИ НА
ТРИФУН КОСТОВСКИ ВЛАДИМИР РАЛЕВ И ГАЛИЧАНИ









# Пораки наместо заклучок

Црковниот комплекс Света Петка во Галичник кој се гради и опстојува во клучното време за будење на македонскиот народ на почетокот на 19 век, се појавува како карактеристичен културен и просветителен стожер, во чие дејствување се рефлектираат и пројавуваат борбата за самостојна црква, различни настани и личности, значајни за македонската богослужба, архитектура, уметност и просвета во соодветниот историски период. Света Петка е галичкото битие и душа на Мијачијата, виста кон далечното минато, од која се простира најраскошниот недоглед на преродбата на Македонците во 19 век. Света Петка е светилиште во чии ѕидини и покриви е никната, живеела и траела 200 години галичката мисла, мијачката духовност, односно македонската култура.

Света Петка е вечниот скромен споменик на пионерите - градители на цркви, како и на големите мијачки зографи, иконописци и копаничари на 19 век и ризница од универзално културно значење. Таа е своевиден универзитет, во кој се развиваат иконографската дејност, препишувачка, преведувачка дејност, книжевност, теологија... Од тука се избирале

најталентираните ученици кои се поставувале за великодостојници во манастирот Свети Јован Бигорски и подалеку, како на пример: архимандритот Арсениј, игуменот Михаил, преродбеникот, митрополит и владика Партениј Зографски, монахот Константин С. Граоркоски и др.

Овој комплекс говори и праќа пораки за минатото, за отсуството, за она што го нема, иако некогаш постоело. Тој праќа пораки за изминатите 200 години, пораки кои и денес во времето на вселенските летови и информатичка технологија се актуелни.

Денес светот не е повеќе како што го познаваа тајфите на големиот уметнички род на неповторливите Фрчкоски, тој свет исчезнува во темнината на времето. Затоа пак кога ќе се запалат свеќите, кандилата или низ прозорите ќе продрат косите сончеви зраци за миг ги осветлуваат иконите, бојата и позлатата и пред очите на младите галички потомци пламнуваат боженствените визии на незаборавните зографи и преродбеници.

Тие видици во новиот свет ги инспирираа големите современи уметници и културни творци од Галичник, Лазар Личеноски, Нове Франгоски, Томо Бундоски, Божидар Дамјаноски, Славко Брезоски, Кирил Муратоски, Рашко Муратоски, Симеон Гугулоски, Тодор

Чалоски, Весна Гиноска, Рубенс Муратоски, Горан Ф. Муратоски, Димитрие Бужароски, Фимчо Муратоски, Дејан Дукоски и многу други да создаваат дела кои се вткајуваат во ризницата од универзално европско и светско значење.

Како што може да се види, пораките и делата на заштитничката на Галичник, Света Петка вреди да се зачуваат и да се развиваат за еден посовршен, похуман и поубав свет, свет со највисоки културни и духовни дострели...

Во име на оваа порака се надевам дека галичаните кои секогаш биле движечката сила на верата, уметноста и културата ќе соберат сили и ќе изнајдат средства за да го поканат академскиот, несекојдневен, современ македонски сликар и професор на архитектонскиот факултет Владимир Георгиевски за да ги наслика празните бели ѕидови и таваници во обновениот храм Света Петка во Галичник. Со ваков чин ќе покажеме дека ни е доста, денес по нашите нови храмови да гледаме кич и лоши копии на фрески и икони. Делата на големите мајстори на живописот треба да ги споиме со дела со уште поголем современ канонски ред и уметнички квалитет. Исто онака како што перата на монасите од минатите векови се заменети со компјутерите и лаптоповите, исто така, како што кандилата за осветлување во црквите денес

се заменети со лустери. Затоа е потребно црквата во Галичник да светне со сиот свој сјај како спој на делата на големите мијачки иконописни тајфи и совршените божји дела на професор Георгиевски насликани со неверојатна прецизност, искреност на цртежот и божјата игра на боите и композициите.



Слика од Владимир Георгиевски



## За авторот

Косто Граоркоски

Роден 1951 година во несекојдневниот и неповторлив Галичник, каде завршува основно образование. Во Скопје го стекнува средното образование и дипломира на Архитектонскиот Факултет.

Покрај богатиот архитектонски опус и другата професионална работа во повеќе фирми и институции, останатото слободно време целосно го посветува за афирмација на галичкото културно наследство и историја и за ревитализација и опстој на Галичник. 45 години учесник, организатор и режисер на манифестацијата Галичка свадба. Организатор на многу други културни манифестации и настани, објавува статии и написи во многу дневни и неделни весници. Уредник, редактор и рецензент на повеќе книги, списанија, каталози и проспекти за Галичник. Повеќе пати член на советот на Месна заедница Галичник, Претседател на Месната заедница Галичник, основач и секретар на Здруженито

„Ѓорѓи Пулевски" Скопје, основач и член на Здружението за културна афирмација на Мијаците КАМ – Галичник.

Како резултат на професионалната работа и неизмерната љубов кон Галичник ги објавува следните книги и публикации: Основи на градежништвото со Жарко Станоески, Галичник 5000:1, Напластени доживувања и записи, Во Спомен, Арсениј од Галичник, Галичник културна и пејсажна импресија, Галичник доживувања, Галичник најнеобична цивилизација на Светот, ја редактира и уредува книгата Галичник најкосмополитско место на светот од Луј Адамич, ги издава компакт-дисковите Галичник - скаменета приказна и Архитектура-пејзаж Галичник - Јанче посветени на мијачката архитектура и соживот на галичани и јанчани.

На пошироката јавност ѝ се претставува со две самостојни изложби: ликовна изложба -Ликовни записи и изложба на фотографии - Убавините на оптштина Маврово Ростуше.

Живее и работи во Скопје, постојано е во Галичник.

## Библиографија

1. А Василиев: Образописци, резбари и строители от Македонија.
2. Ќорнаов Димитар: Творештвото на мијачките резбари на Балканот од крајот на 18 и 19 век, Прилеп 1986.
3. Стојче Дојчиноски-Росоклија: Галичник во културната историја на Македонија 1995.
4. Стојче Дојчиноски-Росоклија: Природни и културни вредности на малореканскиот регион 2005.
5. Киро Кипроски: Реконструкција на најстариот објект во Галичник „Нова Македонија" 30.08.1998.
6. Јулија Тричковска: Иконите од црквата СВ. Петка во Галичник, изложба во Музеј на град Скопје 08-11.07. 1996.
7. Документација за црквата Света Петка во Галичник од Републичкиот завод за заштита на спомениците на кулртурата- Скопје 1994.
8. Георги Трајчев: Книга за Мијаците Софија 1941.
9. Зборник на Панајот Ѓиноски од село Галичник од Дебарско, подготвен и редактиран од Кирил Пенушлиски 1995 Скопје.
10. Бужароски Ристо: Галичка повест 1976.
11. Мирко Миронски: Дичо Зограф 2003.
12. Косто Граоркоски Арсениј од Галичник ктитор, архимандрит и игумен во манастирот Св. Јован Бигорски 2007.
13. Лазар Личеноски: списание Разгледи- прилог Средби со последните мијачки зографи прилог Зографи 1959.
14. Смиљаниќ Брадина Тома: Мијаци, Горна Река и Мавровско Поље Београд 1925 година.
15. Проф. Риста Огњановиќ - Лоноски: Галичник и мијаците 2005.

16. Јулија Темелкова: Македонски импресионизам Скопје 2002
17. Ѓорѓија Пулевски Избрани текстови приредил: д-р Томе Саздов 1985
18. Блаже Смилевски: Црквата СВ.Ѓорѓија во Лазарополе 1997

## Раскажувачи

Галена и Петре Желчески
Јосе Крлачоски
Љубица и Јован Раваноски
Митре Ѓозински
Василко Ѓиноски
Илина Граоркоска
Веселин Михајлоски-Крцкоски

## Превод на споменикот

Марија Поп - Василевска

# Содржина

Вовед -1

Житието и култот за Света Петка-4

Времеплов-11

Донатори и ктитори за изградба на црквата Света Петка во Галичник-17

Локација и архитектонски урбанистички концепт-32

Архитектура на црквата Света Петка-35

Камбанарија на црквата Света Петка-48

Училиште-конак Даскалница-54

Авлија и камени ѕидови-58

Иконопис, живопис и резба-61

Несекојдневие поврзано со црквата Света Петка-83

Света Петка духовен и просветен центар-88

Траење, одржување и обнова на црквата Света Петка-96

Пораки наместо заклучок-116

За авторот-120

Библиографија-122